Јавно претпријатие за комунални дејности „БРЕГАЛНИЦА“ п.о.
Бр. 0103-53
22.02.2011 год.
ДЕЛЧЕВО

# ИЗВЕШТАЈ
## За работата на ЈПКД"Брегалница"-Делчево за 2010 година

**-Основни податоци**

Јавното претпријатие за комунални дејности "Брегалница" е основано со Одлука бр.01-4476/1 од 10.11.1966 година, донесена од Собрание на Општина Делчево.

Надлежниот суд во Штип на 29.01.2002 година донесе Решение бр.Птрег. 67/2 со кое врши запишување во трговскиот регистар под наслов ЈПКД"Брегалница"-Делчево.

Статутот на ЈПКД"Брегалница"-Делчево е донесен од страна на Управниот одбор на претпријатието а на седницата на Советот на Општина Делчево е дадена согласност на истиот со Одлука бр.07-1799 од 29.12.2005 година.

**-Дејност**

Јавното претпријатие "Брегалница" врши дејности согласно Законот за комунални дејности, Законот за управување со отпадот, Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, Законот за гробишта и погребални услуги.

Основната дејност -претежната дејност на претпријатието е:

-Собирање, пречистување и дистрибуција на вода за пиење;

Покрај основната дејност претпријатието ги врши и следните дејности:

-Одведување на отпадни води(канализација);
-Одстранување на комунален и индустриски отпад;
-Одржување на јавна чистота;
-Уредување и одржување на паркови и зеленило;
-Управување со градски гробишта и погребални услуги;
-Одржување на градски пазар, под што се подразбира одржување на објекти, направени тезги за давање на услуги за трговија.

**-Организациона поставеност**

За што поуспешно извршување на овие дејности а во согласност со Правилникот за внатрешна организација, работењето на претпријатието е организирано во следните работни единици:

-Одделение за Општи, правни и финансиски работи;
-Група за водовод, канализација, дистрибуција и одржување на водоводната и канализационата мрежа;
-Група за комунална хигиена, одржување на Градска депонија и механизација;
-Група за градежно-оперативни работи и управување со Градски православни гробишта;
-Група за одржување и уредување на јавни и зелени површини и речни корита;

**- Органи на управување**

Органи на управување во Јавното претпријатие се:

-Управен одбор;
-Надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење;
-Директор на Јавното претпријатие.

**-Број на вработени:**

Бројот на вработени во ЈПКД"Брегалница"-Делчево со состојба на 31 Декември 2010 година изнесува 80 вработени во редовен работен однос и 11 работници ангажирани преку Агенција за привремени вработувања а просечниот број на вработени во извештајниот период изнесува 73 лица.

**-Реализирани активности по Работни единици во 2010 гогина**

## ВОДОВОД, КАНАЛИЗАЦИЈА, ДИСТРИБУЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ВОДОВОДНАТА И КАНАЛИЗАЦИОНАТА МРЕЖА

Во 2010 година до домаќинствата и правните лица, како корисници на нашите услуги , фактурирани се вкупно 584.000 м3 вода, Главни носители на потрошувачката се домакинствата со 526.000 м3 или 90% а до правни лица дистрибуирани се 58.600 м3 или 10%.

Работната единица Водовод и канализација ги има извршено следните редовни - тековни работни активности:

- Отклонување на дефекти на главна водоводна мрежа - 28 интервенции;
- Отклонување на дефекти на приватни приклучоци на вода (пред водомер и во водомерните шахти) - 80 интервенции;
- Замена на неисправни водомери- 210 броја;
- Отпишување и отклонување дефекти на канализациона мрежа-24 интервенции;

Покрај редовните и тековни активности во 2010 година се реализирани следниве позабележетилни активности:

- Извршена е реконструкција на водоводната мрежа на улица "Маршал Тито" во должина од 320м1 со поставување и изработка на приклучни шахти на тротоарите и вградување на нови водомери со системи за далечинско отчитување;
- Извршена е реконструкција на водоводната мрежа на улица "Малешевска" и "Царевоселска" и дел од "Кеј на брегалница" во вкупна должина од 480м1 со изработка на приклучни шахти на тротоарите и поставување на новио водомери за далечинско отчитување;
- Изградена е нова канализациона мрежа на улица "3" во сервисна зона во должина од 360 м1;
- Изградена е нова атмосферска канализација на улица "5" во Сервисна зона во должина од 100м1;
- Изградена е канализациона мрежа во населба Звегорска река во должина од 310м1;
- Изградена е канализациона мрежа во с.Габрово во должина од 600м1 со сите придружни објекти;

## КОМУНАЛНА ХИГИЕНА,ОДРЖУВАЊЕ НА ГРАДСКА ДЕПОНИЈА И МЕХАНИЗАЦИЈА

За што поуспешно извршување на работните задачи од делокругот на комуналната хигиена изготвен е неделен Распоред за собирање и транспортирање на комунален отпад по денови и улици во градот Делчево и селата Габрово, Звегор и Трабзтивиште.

Комуналниот отпад се собира со три специјални возила за собирање на отпад и еден трактор за местата и улиците во кои нема пристап за специјалните возила.

- Во извештајниот период (во 2010 година) извршено е собирање, транспортирање и депонирање на комунален цврст отпад од домаќинствата во количина од 8.500 до 9.000 тони или 700-750 тони месечно.

- Од правни лица кои имаат склучено договори за депонирање на индустриски отпад депониран е индустриски отпад извештаен период од вкупно 400 тони или месечно во просек по 33 тони индустриски отпад.

- Покрај редовното собирање на отпад се врши и повремено-по повик собирање и депонирање и на отпадот од Граничен премин Делчево, Караула Звегор, Баткова чешма, Голак и сл.

- Во соработка со локалната самоуправа во изминатата година неколку пати беше чистен комуналниот отпад од пласнината Голак кај бината и на спортските терени а оисобено за време на Фолклорните Голачки средби.

- Во есенските месеци Октомври и Ноември на неколку наврати извршено е собирање на сезонски растителен отпад од двортните места во градот Делчево со три камиони и еден трактор.

- Извршено е чистење на неколку мали диви депонии на разни локалитети во градот Делчево и приградските населби.

- Извршено е целосно чистење на градска депонија Острец со Булдожер ТГ-75 и тоа во месец Февруари, Март, Јуни, Септември и Декември.

- Извршено е на повеќе наврати чистење на градската депонија за инертен отпад (градежен шут и земја) кај месноста Ралева чука.

## ГРАДЕЖНО ОПЕРАТИВНИ РАБОТИ

Групата ангажирана за градежно оперативни работи во текот на 2010 година ги има извршено следните работи:

- Довршување на тротоар од бекатон плочки на улица Светозар Марковиќ во површина од 255 м2 како и делот помеѓу градскиот пазар и улицата во површина од 192 м2.
- Извршена е реконструкција на бетонските жардинерии на улица М.М.Брицо со лепење на технички штипан камен во вкупна површина од 246 м2 и вградени се рабници во должина од 614м2.
- Изградени се жардинерии од речен камен на Булевар Македонија во должина од 1150 м1.
- Изградена е улица од бекатон зад хотел "Македонија" во површина од 278 м2 и вградени се рабници во должина од 155 м1.
- Уредување на локалитет "Илин камен" во с.Звегор со изградба на пристапен пат, стази од камен, плато од камен, степеници, изработка и поставување на клупи и канделабри.
- Изградена е фонтана во с.Тработивиште и уредување на просторот околу истата.
- Изградба на чешма во с.Вирче како и регулирање на канали за одвод на вода од чешми и порој и изработка на дренажа за одвод на вода.
- Изградба на дворна ограда на црква во с.Вирче во должина од 170 м1, изработка на стази од кршен камен и тротоари од бекатон во дворот на црквата во вкупна површина од 86 м2 и поставување на рабници во должина од 153 м1.
- Извршено е уредување на дворот на црквата "Св. Богородица" во Делчево т.е. изработка на зидови од речен камен, стази од кршен камен, тротоари од бекатон и изработка на украсна фонтана.

- Изградено е мултинаменско спортско игралиште зад стариот пожарен дом во вкупна површина од 924 м2.
- Изградено е детско игралиште во населба Стар расадник и фонтана.
- Изградена е улица "3" во Сервисна зона.
- Изградена е улица од бекатон плочки на Гр. пазар во површина од 189 м2.
- Изработен е тротоар од бекатон плочи на влезот кај градскиот парк во површина од 180 м2.
- Извршена е регулација на Звегорска река со габиони во должина од 372 м
- Извршена е санација на штетите настанати од невремето во с.Град т.е. извршена е заштита на трупот на патотсо габиони и насипување со шлунак во должина од 322 м1.

## ОДРЖУВАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПАРКОВИ, ЈАВНИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ И РЕЧНИ КОРИТА

Групата за одржување на јавни зелени површини со ангажирање на во извештајниот период во рамките на редовното одржување и чистење на јавните зелени површини и на улиците и тротоарите ги има извршено следните работни активности:

- Окопување на жардинерии и отстранување на стари засушени гранки од Хотел ресторан до семафорите во вкупна површина од 1250м2
- Одстранување на изникната трева покрај ивичнаците на Бул.Македонија на потегот од АД Фротирка па се до шумско стопанство "Голак" во површина од 7800м2;
- Косење и собирање на тревата по косините на двете страни на коритото на река Брегалница во површина од 10.000м2;
- Косење и собирање на тревата по коритото на река Габровчица во површина од 8.000м2;
- Извршено е косење на делница над новоизградената црква и заградено детско игралиште со површина од околу 450м2;
- Извршено е косење на делница од лева и десна страна на река Брегалница од балон браната до мост кај сточно пазариште со утовар и транспорт на површина од 2000м2.
- Окопување на дрвца во паркот пред Спомен дом АСНОМ -250м2;
- Одстранување и собирање на диво изникната трева покрај ивичнаците од двете страни на улица "Индустриска" од 800м и улица "Кеј на Ослободување" од 500м;
- Окопување на трендафили, грмушки и други засадени дрвца на потегот од Шумско стопанство до Фротирка;
- Наводнување на дрвца на кејот на река Брегалница и жардинерии на ул."Маршал Тито" и "М.М.Брицо"
- Секојдневно метење на улиците и тротоарите по изготвен распоред по денови и секојдневно собирање на отпадоци и празнење на корпите за отпадоци поставени на јавни површини;
- Миење на улиците со цистерна два пати во неделата во летниот период (мај-септември;
- Нанесување и распоредување на земја во жардинерии од семафори до ЈПКД Брегалница, поставување на систем за наводнување "капка по капка" во должина од 200м1, ѓубрење со хумус, сеење на трева и засадување на сезонско цвеќе.

- Уредување на просторот кај новата спортска сала со со распоредување на земја, сеење на трева и засадување на дрвца.
- Хортикултурно уредување на дворното место на црквата "Св.Богородица" во Делчево со планирање на земјата, сеење на трева, засадување на зимзелени дрвца и грмушки како и сезонски цвеќе.
- шишање, косење и чистење на просторот околу игралиштето и манастирот на планината Голак.
- На локација во населба Стар расадник уреден е просторот зад и околу ново изградената чешма.
- Во новоизградените жардинерии на Булевар Македонија отпочнато е со распоредување на постоечката земја и нанесување на нова.

## ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2010 ГОДИНА

Вршејќи ги своите основнио и споредни дејности искажани по Извештајот за работи по реаботни единици ЈПКД "Брегалница"-Делчево остварува определени трошоци и приходи од работењето.

Согласно Законот за трговските друштва и Меѓународниот сметководствен стандард 1 - Презентирање на финансиски извештаи, дефинирано е дека составни делови на финансиските извештаи во себе вклучуваат:

-Биланс на успех;

-Биланс на состојба;

### БИЛАНС Н А УСПЕХ

| Р.бр. | ПОЗИЦИЈА | 2009 г. | 2010 г. |
|---|---|---|---|
| 1 | Приход од основна дејност | 35.136.701 | 42.156.831 |
| 2 | Расход од основна дејност | 42.115.787 | 42.240.492 |
| 2а | Материјални трошоци | 21.260.706 | 20.854.131 |
| 2.а.1 | Трошоци за суровини и др. материјали | 6.715.335 | 10.324.925 |
| 2.а.2 | Набавна вредност на продадени стоки | 489.576 | 209.452 |
| 2.а.3 | Услуги | 14.055.795 | 10.319.754 |
| 2.б | Трошоци за вработени | 19.005.440 | 19.181.329 |
| 2.б.1 | Нето плати, надоместоци | 12.826.427 | 13.172.415 |
| 2.б.2 | Трошоци за даноци и придонеси | 6.179.013 | 6.008.914 |
| 2.в | Амортизација на долгорочните средства | 1.849.641 | 2.205.032 |
| 3 | Приходи од др. активности | 3.706 | 1.420.405 |
| 4 | Расходи од др. активности | 5.000 | / |
| 5 | Вонредни приходи | 111.570 | 65.715 |
| 6 | Вонредни расходи | / | / |
| 7 | Добивка пред оданочување | / | 1.402.459 |
| 8 | Загуба пред оданочување | 6.868.810 | / |
| 9 | Данок и придонеси од добивка | 27.311 | 33.435 |
| **10** | **Добивка за финансиската година** | / | **1.369.024** |
| 11 | Загуба за финансиската година | 6.896.121 | / |

**ПРИХОДИ**

**1.ПРИХОДИ ОД ОСНОВНА ДЕЈНОСТ**

Од Билансот на успехот се гледа дека приходите од основна дејност изнесуваат 42.156.831 ден.Овие приходи од продажба на производи и услуги на домашен пазар ги опфакаат:

-Приходите остварени од дистрибуција на вода за пиење од физички и правни лица ........ 15.395.236,00 ден;
-Приходите од канализација ........ 4.171.191,60
-Приходи од приклучок на водовод и канализација ........ 572,806,90
-Приходите по основ на фактурирање на смет........ 9.302.920,70
-Приходите од погребални услуги........ 2.926.833,30
-Приходи од материјал и работна рака........ 5.478.526.10
-Приходи од канти за отпад........ 525.535,90
-Приходи од пазаришна такса........ 766.579,50
-Приходи од старо железо........ 88.970,00
-Приходи од водомери........ 251.788,00
-Приходи од одржување на улично осветлување........ 392.556,00
-Приходи од магацин........ 8.682,90
-Приходи од закупнина........ 95.799,50
-Приходи од продажба на материјали........ 8.475,80
-Приходи од чистење на снег и мраз........150.000,00
-Приходи од радиомодули........ 80.032,30
-Приходи од комуналии........ 29.850,00
-Приходи по договор за извршени акт.на кучиња-скитници........ 34.400,00
-Приходи од контејнери........ 15.000,00
-Приходи по основ на сопствени услуги........ 981,468,70
-Приходи од градежни работи........ 909.977,00
**ВКУПНО(Приходи од основна дејност)........42.156.831,00 ден.**

**3.ПРИХОДИ ОД ДРУГИ АКТИВНОСТИ**

-Приходи од камати........ 10.000.50
-Приходи од поранешни год........1.240.444,40
-Приходи од наплатени судски трошоци........ 12.950,00
-Приходи од камати на комунални услуги........ 7.531,20
-Приходи од донација........75.710,00
-Приходи од вишоци по попис........73.769,20
**ВКУПНО(приходи од други активности)........1.420.405,30 ден.**

**5.ВОНРЕДНИ ПРИХОДИ........ 65.715.29 ден.**

**ВКУПНО ПРИХОДИ(1+3+5)........ 43.642.951.00 ден.**

**РАСХОДИ.**

**2.а Материјалните трошоци** ги сочинуваат трошоците направени од оперативното работење на претпријатието и истите изнесуваат 20.854.131.00 ден.

Во групата на материјални трошоци спагаат:

**2.а.1 Потрошени суровини и материјали**

-Потрошени материјали-градба;водовод, канцелариски материјал, потрошено уље............................6.160.353,87
-трошоци за електрична енергија,нафта,гориво..................3.546.474,00
-трошоци за резервни делови за тековно одржување........... 148.067,54
-трошоци за отпис на ситен инвентар...................................... 470.029,17

**ВКУПНО............................................................................................. 10.324.925,00 ден.**

**2.а.2 Набавна вредност на продадените стоки.................................. 209.452,00 ден.**

**2.а.3 Услуги**

**а)Транспортни услуги -поштенски,телефонски,трошоци за одржување, и др.услуги**

-поштенски трошоци,фиксен,мобилен телефон............................195.961,19
-трошоци за одржување на возила,паркови и зеленило............1.642.706,41
-адвокатски услуги,ХТЗ опрема, хотелски смештај, интернет услуги,трошоци за плата на работн.преку агенција..3.788,564,89

**б)Нематеријални трошоци-дневници за службени патувања, помош, репрезентација, даноци, придонеси, премии за осигурување и др.**

-дневници за службени патувања........................................................ 84.197,00
-трошоци за репрезентација................................................................ 319.571,00
-премии за осигурување ........................................................................12.453,00
-трошоци по договор за дело,трошоци за ангаж.р-ци...........................164.128,00
-трошоци за платен промет,банкарски/поштенски провизии............103.042,50

**в) Други нематеријални трошоци:**

-преглед анализа на вода за пиење...................................................431.167,00
-спонзорства.........................................................................................77.155,00
-стручна литература(семенари,советување).......................................48.724,00
-административни такси......................................................................141.492,00
-одржување на компјутери,нов софтвер.............................................281.347,50
-трошоци за превоз на работници........................................................13.500,00
-трошоци за реклама..............................................................................18.600,00
-трошоци по огласи,службени весници.................................................15.528,00
-трошоци за членарини-комунални услуги..........................................34.880,00
-судски трошоци по решение..............................................................266.801,00
-др.нематеријални трошоци(катастарски план ...................................85.900,00
-комјутерска опрема..............................................................................5.781,00
-испратница за технолошки вишок......................................................505.379,00
-трошоци за исплата по договор за дело.............................................1.793,033,00
-провизија за централен регистар........................................................2.418,00
-трошоци за вакцинација на кучиња....................................................58.820,00
-трошоци за манифестации..................................................................500,00
-Даноци придонеси и др.давачки.........................................................18.643,00
-Трошоци од минати години................................................................205.204,49
-Вонредни трошоци..............................................................................49,00

**ВКУПНО УСЛУГИ (2.а.3)........................................................................ 10.319.754,00 ден.**

**2.б.Трошоци за бруто плати**

Трошоците за бруто плати за 2010 год. изнесуваат како што следува:

| Р.бр. | Позиција | ознака за АОП | Износ-тековна година |
|---|---|---|---|
| 2.б | Трошоци за вработени | 266 | 19.181.329 |
| 2.б.1 | Нето плати, надоместоци | 267 | 13.172.415 |
| 2.б.2 | Трошоци за даноци и придонеси | 268 | 6.008.914 |

**2.в.Амортизација**

Износот на пресметаната амортизација е пресметан согласно сметководствените стандарди и политики и истиот за соодветниот извештаен период изнесува:

**ВКУПНА АМОРТИЗАЦИЈА...............................................................2.205,032,00 ден.**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА**

| ПОЗИЦИЈА | 2009 г. | 2010 г. |
|---|---|---|
| **АКТИВА** | | |
| **Постојани средства (основни средства)** | **32.295.970** | **33.176.885** |
| **Тековни средства(обртни средства)** | **27.709.726** | **33.808.802** |
| -Залихи | 801.952 | 1.666.709 |
| -Побарувања од купувачите | 25.992.298 | 29.626.089 |
| -Парични средства | 915.476 | 2.516.004 |
| **ВКУПНА АКТИВА** | **60.005.696** | **66.985.687** |
| | | |
| **ПАСИВА** | | |
| Запишан капитал | 55.457.443 | 56.490.803 |
| Резерви | 99.478 | 99.478 |
| Пренесена загуба од минати години | 9.823.956 | -16.720.077 |
| Добивка за финансиската година | / | 1.369.024 |
| Акумулирана добивка | / | 22.799 |
| Загуба за финансиската година | 6896121 | / |
| Обврски спрема доверителите | 21.168.852 | 25.723.660 |
| **ВКУПНА ПАСИВА** | **60.005.696** | **66.985.687** |

**ПРЕГЛЕД НА ОСТВАРЕНИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2010 ГОД.**

| Р.Бр | ПОЗИЦИЈА | 2009 | 2010 |
|---|---|---|---|
| 1 | ВКУПНО ПРИХОДИ | 35.251.977,00 | 43.642.951,00 |
| 2 | ВКУПНО РАСХОДИ | 42.120.787,00 | 42.240.492,00 |

Вкупните приходи од 43.642.951.00 денари ги надминуваат вкупните расходи за 1.402.459.00 денари колку што е добивката од редовното работење пред оданочување.По оданочувањето на добивката со 33.435.00 денари, нето добивката на претпријатието за деловната 2010 година изнесува **1.369.024,00 денари**.

22.02.2011 год.
Делчево

ЈПКД"Брегалница"-Делчево
Директор
Николчо Николовски